*ВИКТОР ЛИЛЧИЌ*

# ДОЦНЕЖНОАНТИЧКИТЕ ТВРДИНИ ВО ТИКВЕШ И ВИТАЧЕВО

Пределот околу градовите Кавадарци и Неготино, особено јужно и западно, претставува ридско-планински крај, а познат е под името Тиквеш. Понатаму кон југ на него се надоврзува релативно рамен висорамнински предел — Витачево. Во неговиот геолошки состав влегуваат постари хоризонтални езерски наслаги, потоа вулкански еруптивни-андезитни стени и друго. Сиот овој простор е омеѓен со долгите долини на Црна Река од запад, Бошава од исток, планинскиот масив на Кожув од југ и Кавадаречкото поле со реката Вардар од север. Пределот западно од реката Црна, таканаречените Горни села, исто така ќе ги разгледаме во овој преглед. Тоа е планински, послабо комуникативен крај, чии населби одсекогаш гравитирале кон долините на Дреновица, Раечка река, Галишка и конечно Црна Река. Висорамнината и речните долини претставувале важни комуникациски траси кон пазувите на планината, од дамнини до денес. Вдолж на овие денес забележуваме многубројни траги на антички и средновековни локалитети: населби, некрополи, култни објекти и тврдини. Меѓутоа, со оглед на не толку поволните услови за живот во овој предел, ваквата концентрација, пред сè на укрепени места, наведува на размислување. Истите не можеле да бидат поврзани исклучиво со земјоделството или со сточарството. Веруваме дека се работи и за некоја друга стопанска гранка. За ова прашање ќе зборуваме подоцна.

Еден од првите истражувачи кои го посетиле овој предел и забележале извесни податоци за старините е еромонахот Јосиф во 1911 година. Неговите вести се куси, а меѓу нив ја споменува и крепоста кај селото Ресава.[1] Куси белешки за старините на речиси секое село забележал и етногеографот В. Радовановиќ во 1924 година.[2] По него истото го направи и Н. Вулиќ во 1938 година.[3] Во 1960/61 година А. Керамидчиев извел први археолошки ископувања

[1] Иером. И. Иосифъ, Археологически излѣтъ изъ тиквешко, Минало кн. II/ /5—6, София, 1911, стр. 47—59.

[2] В. Радовановић, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књ. 17, Београд, 1924, стр. 164—183, 279—516.

[3] N. Vulić, Arheološka karta Jugoslavije, Blatt Kavadarci, Beograd, 1938.

на една крепост.[4] Следат заштитните ископувања на теренот меѓу селата Ресава и Брушани во 1967 година, иницирани поради формирање на вештачкото Тиквешко езеро на овој простор, а раководени од А. Керамидчиев и И. Микулчиќ.[5] Во натамошниот период, истражувајќи го пределот околу селата Ресава и Дреново И. Микулчиќ изработува неколку продлабочени студии за неговото минато, а покрај тоа забележува низа значајни податоци за археолошката карта на целиот регион.[6] Истиот уште во 1967 година го истражува старото рударство во околината на селата Витолиште и Рожден.[7] Во 1974 година А. Керамидчиев ги бележи детално старите рударски престојувалишта околу селото Рожден.[8] Во 1977 година Б. Алексова, рекогноцирајќи го теренот околу селото Крњево, документирала остатоци на една средновековна словенска некропола и една ранохристијанска црква во рамките на едно полуутврдено доцнежноантичко село.[9] Во периодот во 1985—1987 година авторот на овој текст документирал позиција и архитектонски камени елементи на еден храм-мавзолеј од првите векови на новата ера, кај селото Барово, потоа позиции на низа ранохристијански цркви во регионот.[10] Тоа, накусо би бил историјатот на истражувањата во овој регион.

Меѓутоа, освен кусите информации, со исклучок на крепоста кај селото Ресава, ниту една од останатите стари тврдини од овој предел не била предмет на подетално проучување и документирање. Податоците за нив се недоволни, некои дури и површни, неточни, а свртуваме внимание и на тоа дека и за крепоста кај Ресава не постои во стручната литература детален приказ на планиметријата.

Поради тоа, во рамките на научно-истражувакиот проект „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие" на Филозоф-

---

4 A. Keramidčiev, Čakavec-Resava-Kavadarsko, Arheološki pregled 2, Beograd, 1960, str. 106—110; Ibid., Gradot, Resava, Kavadarsko, Arh. pregl. 3, Beograd, 1961, str. 121—124.

5 A. Keramidčiev — I. Mikulčić, Tikveš-Kavadarci, Arh. pr. 9, Beograd, 1967, str. 185—186.

6 И. Микулчиќ, Топографија на Еу(да)рист, Трудови на македонската археологија, кн. 1, Прилеп 1975, стр. 186—197, сл. 1; Исти, Една античка vila rustica во Тиквеш, Годишен зборник на Филозофскиот факултет (натаму ГЗФФ), кн. 23, Скопје, 19[illegible] стр. 269—283; Т. I—IV и план; Исти, Девол-град во Раец, ГЗФФ, кн. 36, Скопј[illegible]983, стр. 211—217; Т. I—IV, и план; Ibid. единица за Tabula Imperii romani ([illegible], Ljubljana 1976, str. 22—23, 30—31, 58, 59, 79, 87—88, 108—109, 110 i dr.; Ibid, K[illegible]noantička utvrđenja u SR Makedoniji — pokušaj klasifikacije, SADJ Materijali XXII, Novi Sad, 1986; Ibid, Spätantike Fortifikationen in der S. R. Makedonien, XXXIII Corso di cultura sull'arte ravennate e bizantina, Ravenna 1986, p. 258.

7 Исти, Старото рударство кај Витолиште, Стремеж, XIII/7, Прилеп, 1967, стр. 48—49.

8 А. Керамидчиев, Старото рударство во Мариово, I, селата Рожден, Мајдан и Ржаново, Трудови на Геолошкиот завод на СРМ, св. 16, Скопје, 1973—1978, стр. 289—306.

9 Б. Алексова, Ранохристијанска базилика во с. Крњево, Кавадарско, Ликовна уметност, кн. 2—3, Скопје, 1977, стр. 48—53; Иста, Наоди од средновековната словенска некропола во с. Крњево, ГЗФФ, кн. 30, Скопје, 1978, стр. 29—41.

10 В. Лилчиќ, Антички храм кај Барово, ГЗФФ, кн. 40, Скопје, 1987, стр. 135—148; Исти, Траги на ранохристијански базилики во Средното Повардарие, Лихнид 7, Охрид 1989, 69—80, т. I-XXI.




Sl. 1 Karta so pozicii na docnoantičkite fortifikacii vo Tikveš Vitačevo i Kožuf

скиот факултет во Скопје, во 1986 и 1987 година вршевме документирање на старите крепости во овој крај.[11] Притоа ги следевме, главно, површинските археолошки остатоци, пред сè маркантните одбранбени ѕидови што како силен обрач ги обиколувале старите тврдини. Вршевме премер и техничко снимање, односно нивно фотографирање. И веќе денес, врз основа на добиените податоци, а респектирајќи ги секако скромните податоци на поранешните истражувачи, ние можеме да го согледаме обемот, карактерот односно функцијата на овие локалитети, да ги идентификуваме временски и типолошки и да добиеме една наполно нова слика, досега непозната, за организацијата на овој вид населби во регионот на Тиквеш и Витачево.

## 1. БЕГНИШТЕ, „МАРКОВ ГРОБ"

Локалитетот се наоѓа на 3,2 километри с/з од селото и на 1,4 километри западно од соседното село Ресава, на самата граница на селските атари. Поставен е на висока камена планинска чука, над источниот раб на долината на Црна Река, на 480 метри надморска височина. Се работи за карпестиот гребен, продолжение на повисоката формација Илимица, со речиси вертикална ј/з страна. Веднаш под врвот, на само 1 км. с/з се наоѓа крепоста на „Градот, Тиквеш" с. Ресава. „Марков Гроб" не е познат во стручната литература.

Просторот на врвот бил укрепен. Претставува зарамнета тераса, со благ пад кон североисток, голема 73 x 21 м., со површина нешто помалку од 0,1 ха. Југозападната страна била природно бранета со речиси вертикалниот карпест гребен. Јужно и с/и била опфатена со одбрамбен ѕид сложен од кршени камиња, без малтер. Сочуван е само темелот, и урнатиот градежен шут, чија траса јасно се следи (сл. 4). На самата површина има малку фрагменти од доцнежноантички покривни керамиди.

Ваквиот скромен, укрепен мал пункт, со доминација непосредно над доцноантичкиот опидум на „Градот, Тиквеш", и извонредната визуелна контрола на патот покрај Црна и подалеку на север, претставувал еден мал кастел-стража, а во одредени моменти и рефугиј.

## 2. БОЈАНЧИШТЕ, „ГРАДИШТЕ"

Локалитетот се наоѓа на 4,8 км. ј/з од селото. Поставен е на врвот на еден рид (524 метри надморска височина), што доминира високо над кањонот на реката Блаштица за околу 225 метри. Оваа река доаѓа од рудоносните предели на Рожден и Мрежичко и после 4—5 километри по крепоста на „Градиште" се влива во Црна Река

---

[11] На ова место му заблагодарувам на раководителот на Проектот професор д-р Иван Микулиќ за довербата што ми ја укажа доверувајќи ми го раководството со повеќето истражувачки екипи во регионот. Освен тоа, најсрдечно им благодарам и на студентите: Љубе Томоски, Василиос Никос, Никола Чаушев, Нивес Петров и Ѓорѓи Кипровски, од Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, за соработката во текот на многуте експедиции.

(денес Тиквешко езеро). Тврдината била изградена на ј/з крај на долгата планинска коса што се спушта од селото кон реката. Страните на ридот од југ и запад претставуваат речиси непристапни карпести вертикали. Северната страна е, исто така, стрмна и тешко пристапна. Единствено на исток ридот е поврзан преку ниско седло со планинската коса. На просторот на овој широк преслап денес се гледаат урнатите куќи на истоименото доцнежносредновековно село Градиште.[12]

Просторот обиколен со одбрамбени ѕидови има големина 115 x 40 м. и површина од 0,3 ха. Кон запад има правоаголна форма, кон исток клиновидна. Забележани се позиции на одбранбени кули (бр. 1—4 на сл. 7). Северниот и јужниот одбранбен ѕид се речиси паралелни во должина 80—88 метри, а во продолжение на источниот дел после околу 30 метри се спојуваат под остер агол. На ова место се наоѓа позицијата на главната — челна кула на крепоста (бр. 3).

На јужната падина, пред теренот да премине кон карпестата вертикала, на простор голем околу 90 x 70 метри се забележуваат минамални траги на едно подградие. Од ј/з агол на утврдениот простор, западниот одбранбен ѕид се продолжува за околу 70 метри за да се искачи на едно тесно карпесто возвишение, всушност позиција на уште една, во овој случај истурена одбранбена кула, со задача да го штити спомнатото подградие. За жал трагите на оваа кула се разнесени со текот на времето и врвот останал денес гол (бр. 5). Споменатиот јужен ѕид на крепоста бил засипан и денес е најтешко забележлив, додека останатите јасно се следат. Особено добро е сочуван дел од широкото ѕидно платно на с/и одбрамбен ѕид, во должина 12, височина околу 2,5 и широчина 1,50—1,60 м. Ѕидот е граден од кршени камени плочи врзувани со бел варовен малтер. Забележлива е тенденција за нивно хоризонтално редење. Просторот опколен со ѕидови денес е обраснат со гуса шумска вегетација. Сепак се забележуваат извесни контури на објекти. Така е особено маркантен долгиот правоаголен објект (10 x 5 м., бр. 6), потпрен на средината на северниот одбранбен ѕид. Насекаде има многу делови од покривни керамиди — лаконски тип, фрагменти садова керамика.

Опишаните елементи зборуваат за едно укрепено доцнежноантичко село, кое имало, меѓу останатото, и намена да го контролира локалниот плански пат од Кожув по реките Блаштица и Црна кон север.

## 3. ВОЗАРЦИ, „КАЛЕ“

Локалитетот се наоѓа 2 километри јужно од селото. Сместен е на високиот врв (265 метри надморска височина) што доминира над десниот брег од клисурата на Црна Река. Спомнат е во струч-

[12] Локалитетот во литературата се водеше под селото Градиште. Истото денес не постои, а локалитетот спаѓа во атарот на соседното Бојанчиште. Спореди: I. Mikulčić, TIR, 59; Ibid., Kasnoantička utvrđenja..., стр. 116, br. 184 — Pagus muratus.

ната литература.[13] Врвот бил опфатен со елипсоиден камен ѕид со кал. Овој простор има големина 48 х 29 метри и насипан ров на јужната страна (сл. 3).

## 4. ГОРНА БОШАВА, „ГРАДОТ"

Локалитетот се наоѓа 0,5 км. источно од селото. Бил поставен на не многу висок рид, над левиот брег на рекичката Ништица, оддалечен 0,5 км. ј/и од нејзиниот влив во Бошава. Искористени биле возвишенија на ридот и по нивните врвици трасиран одбранбениот ѕид. Истиот обиколува една широка, терасеста падина, благо спуштена кон с/з и вовлечена. Падините на ридот од надвор не се многу стрмни и не се тешко освоиви. Локалитетот бил спомнат и во литературата.[14]

Просторот опфатен со одбранбени ѕидови има големина 260/170 х 180/150 м., форма на неправилен трапез и површина околу 3,5 ха (сл. 10). Северозападниот одбранбен ѕид бил трасиран во приближно права линија со успон на источниот дел. Југоисточниот ѕид бил пократок и трасиран по сртот на две возвишенија, има потполно права линија, која на источниот крај се крши навнатре поради неповолната конфигурација на теренот, за да се спои со с/и ѕид. Последниов бил, исто така, трасиран во права линија. Југозападната ѕидна траса е потполно права. Одбранбените ѕидови биле изградени во темелот со поголеми камени парчиња, а горните партии од помали кршени камења. Не е забележен малтер, а и градежниот шут од ѕидовите е констатиран во мошне мал обем. Обиколениот простор денес претставува обработлива површина, на која се забележуваат ретки фрагменти садова керамика. Селаните наоѓале големи вкопани питоси. Близу локалитетот е најдена и една раноримска стела.[15]

Според познатите елементи имаме пред нас една крепост од римскиот период, меѓутоа за нејзино попрецезно датирање и карактер засега немаме доволно податоци.

## 5. ГОРНА БОШАВА, „МАРКОВА КУЛА"

Локалитетот се наоѓа 2,3 км. на ј-ј/з од селото. Бил поставен на високиот (770 метри надморска височина) и доминантен рид, што со издига за 170 метри над сливот на потокот Женско во Бошава. Има изразито стрмни падини и тешко е пристапен. Единствениот пристап доаѓа од југ преку длабокиот планински преслап. Ридот се наоѓа на средина на патот во долината на Бошава, меѓу селата Конопиште и Г. Бошава. Во литературата е непознат.

Утврдениот простор има издолжена форма, при што ја следи линијата на планинскиот срт во правец С—Ј. Голем е околу 150 х 33 метри и зафаќа површина од 0,35 ха.

---

[13] Исти, н.д., стр. 186; Ib., Kasnoantička utvrđenja..., 116, br. 181.

[14] Н. Вулиќ, Споменик Српске академије наука, LXXV, Београд, 1933, стр. 38, бр. 119; Исти, Споменик САН, XCVIII, Београд, 1941—1948, стр. 57, бр. 117; I. Mikulčić, TIR, 58; Ib., Kasnoantička..., str. 116, br. 182 — Pagus muratus.

[15] Н. Вулиќ, Спом. LXXV, стр. 38, бр. 119.

Одбранбените ѕидови имаат прави траси. На јужниот, највисок дел тие се спојуваат под остер агол. Ова е јужното чело на крепоста. Било брането со една цврста кула чии контури се забележуваат на теренот. Западната ѕидна траса е јасно видлива. Насипот на ѕидот на места е висок околу 1,5 м. Ѕидот е широк во просек 1,60 м., граден од кршен камен врзан со бел варовен малтер. Долж него, од внатрешната страна се забележуваат многу мали простории. Источниот и северниот ѕид не можат да се следат јасно. Позиции на други кули не се забележани. Освен тоа, на највисокиот дел на тврдината забележавме голем правоаголен блок — праг на еден централен објект, можеби мала ранохристијанска црква (бр. 2 на сл. 11). Внатрешноста на тврдината е исполнета со интензивен културен слој. Особено многу делови на покривни керамиди — лаконски тип, потоа фрагменти садова грнчарија со доцнежноримски обележја и др.

Сите овие елементи, особено доминантната позиција непосредно над патот низ долината на реката зборуваат за еден мал кастел стража, изграден со државни средства, за контрола на патот што минувал низ долината на Бошава.

## 6. ГОРНИ ДИСАН, „ГРАДОТ"

Локалитетот се наоѓа на 1,4 км. ј-ји од селото и 1,8 км. западно од соседното село Вешје. Длабоко во западното подножје на ридот на чиј врв е расположен локалитетот се наоѓа извориштето на Дисанска река. Западната страна претставува висока карпеста вертикала, наполно неосвоива. И другите три страни се прилично стрмни и тешко освоиви. Единствено на јужната страна, преку низок, тесен седлест преслап, ридот се поврзува со висорамнината Витачево. Всушност, и главниот пристап водел од оваа страна, а патот кон Витачево бил прилично комотен. Локалитетот е спомнат во литературата, меѓутоа податоците во врска со неговата големина не се точно претставени.[16]

Утврдениот простор има облик на деформиран трапез со должина во правец С-Ј 330 м. и широчина И-З 215 м. Зазема површина 4 ха. Поставен е на широко рамно плато на врвот од ридот (780 метри надморска височина). Доминира над поширок регион со визуелна комуникација до кастелите на „Маркови кули" кај Демир Капија и натаму кон северозапад.

Западниот одбранбен ѕид бил трасиран по врвицата на карпестата вертикала и ја следи со неколку прекршувања во должина од 367 м. Веројатно на ова место и не бил многу висок. Неговиот

---

[16] В. Радовановић, н.д., стр. 331: „Град над селом захвата простор око двадесет дулума, опасан нарушеним зидом око два метра дебљине; има темеља грађевина. Под Градом има селиште"; А. Керамидчиев, Белешки од рекогносцирањето на Струмичкиот басен и по долината на Вардар, Зборник на Археолошкиот музеј, кн. III (1959—1960), Скопје, 1961, 114: „монети, глинени садови, питоси", натаму споменува наод на една сребрена чаша и наполно неточен податок за големината на крепоста 50 х 50 метри; I. Mikulčić, Kasnoantička . . ., str. 116, br. 183 — Oppidum.

северен дел е вовлечен за околу 20 метри и излегува на северното карпесто чело, каде под остар агол се спојува со северниот ѕид. На ова место се наѕираат контури на челна правоаголна кула (бр. 1 на сл. 5). Веднаш низ усекот под кулата водел споредниот пристапен влез во крепоста. Истиот бил бранет со уште една кула (бр. 2) и подѕид. Јужниот дел на западниот ѕид благо се издига за околу 100 метри во должина и ја чини воедно и западната одбрамбена линија на акрополата (А на сл. 5). Потоа со два правоаголни преломи се вовлекува и поврзува со јужниот ѕид. Всушност, меѓу нивниот состав била оформена главната градска порта, со истурен тесен јазичест пристап, ограден со одбранбен ѕид од исток и запад (последниот однесен со ерозијата на теренот) и бранет со две правоаголни полукули. Планот на влезот е изведен несразмерно, невешто, диктиран, можеби, и од конфигурацијата на самиот тесен простор. На површината се гледаат сосема ниско темелите на ѕидот, градени од кршен камен — сив вулкански андезит поврзан со цврст бел варовен малтер. Неговата широчина на ова место изнесува 2 м.

Јужниот одбранбен ѕид во должина од 255 метри, поради конфигурацијата на теренот, со неколку благи прекршувања бил вовлечен за околу 40 метри навнатре, поради желбата на градителите да го трасираат по изохипса. На средината се забележуваат контури на една правоаголна кула.

Источниот одбранбен ѕид е најкраток, 123 м., и благо издаден надвор. Под речиси прав агол се спојува со северниот и јужниот. На аглите забележавме контури на одбранбени кули, што со своите чела се свртени кон исток. На околу 8 метри под ј/и кула, на падината се забележуваат контури на тесен, издолжен објект со засега непозната намена. Можеби дел од фортификацијата (бр. 9). Северниот одбрамбен ѕид има речиси права траса, долг 185 метри, благо вовлечен навнатре.

*Акропола.* Се наоѓа на највисокиот ј/з дел на крепоста. Има овална издолжена форма. Голема 100 x 45 м. На нејзиниот простор се забележани две монети на Јустинијан (527—565) како површински наоди. Внатрешноста обиколена со одбрамбени ѕидови насекаде е исполнета со остатоци на објекти, нивни контури, изобилие градежен материјал од урнатините. Веднаш над замислениот центар на крепоста се гледаат контури на ограден поголем правоаголен простор, можеби градски форум, или простор за градската цистерна (бр. 8).

Наведените елементи, површината, добрите одбрамбени можности, но и добрите можности за брзо евакуирање кон планината Кожув, близината на водата, силната фортификација зборуваат за еден доцнежноантички опидум, мало градче. Претпоставуваме дека животот на ова место започнал веќе во 3 век и траел континуирано до 6 век, кога бил ограничен само во рамките на акрополата.

## 7. ДРАДЊА, „ГРАДИШТЕ"

Локалитетот се наоѓа на 900 метри ј/з од селото, 3,3 км. на ј-ј/и од соседното село Дреново. Сместен на едно возвишение на долгата карпеста коса Водици, што се спушта на југ од врвот Пре-

слап-Вров. Доминира високо над кањонот на Дреновица. Забележен е во стручната литература.[17]

На теренот разликуваме две укрепни површини:

А. *Акропола,* всушност утврдено зарамнето плато во форма на правоаголник, со отсечени два јужни агли. Големина 60 x 40 м. и површина 0,25 ха. Трасите на урнатите одбранбени ѕидови се правилни, со јасно забележливи прекршувања. Внатрешниот простор е исполнет со бројни траги од старите градби. Најмаркантни се остатоците на еден објект, со засега непозната функција. Истиот е потпрен на источниот одбранбен ѕид, има правоаголна основа, голем околу 6,5 x 5,5 м. (сл. 6, бр. 1).

Б. *Подградие,* јужно од акрополата се простира низ карпестата падина во должина од околу 400 метри и широчина 170 м. Всушност, од источниот и западниот ѕид на акрополата се одвојуваат надолу два одбранбени ѕида што ја преградувале карпестата коса. Западниот е долг 60 метри. Источниот 160—200 метри, води до високиот карпест отсек на косата, во кој долу, во средниот век била искористена сувата длабока пештера за градба на мала црква (14 в.), денес позната под името „Маркова црква". Во подножјето на оваа страна на месноста Манастириште биле забележани траги од постара, ранохристијанска црква.

Опишаните остатоци зборуваат за еден мал доцнежноантички планински кастел вовлечен во пазувите на Трештено, скриен подалеку од поважните тогашни комуникации.

## 8. ДРЕНОВО, „ВРАНО БРДО-ТУМБА"

Локалитетот се наоѓа на 1,1 км. источно од селото. Расположен е на едно возвишение што доминира над поблиската околина, тесно издолжено во правец ј/и — с/з. Локалитетот е спомнат во стручната литература.[18] На него има многу траги на едно доцнежноантичко укрепено селце. Истото било сместено на врвот, има тесна издолжена форма, брането со подзиди. Големо околу 180 x 40 м. На самиот врв од источната страна, во карпа биле всечени контурите на правоаголна просторија од 12 x 8 м. (сл. 12). Западно од врвот, на преслапот има многу траги на отворена доцнежноримска населба. Околу 100 метри западно од ова, во нивите кон север има траги на доцнежноримска некропола — делови од покривни тегули од гробните конструкции.

## 9. ДРЕНОВО, „ГРБАВЕЧКА КУЛА"

Локалитетот се наоѓа на 4,5 км. ј/з од селото. Забележен е во литературата.[19] Се наоѓа на високиот планински врв (1.103 м. надморска височина) со доминација над пошироко околно подрачје. Во

[17] В. Радовановић, н.д., стр. 442: „На десној страни ровине над Марковом црквом, на ивици површи испод Врвова, налази се Градиште; И. Микулчиќ, Топографија..., стр. 192; Ib., Kasnoantička..., str. 116, br. 186.

[18] Исти, Топографија..., стр. 185; Ib., Kasnoantička..., str. 116, br. 187.

[19] В. Радовановић, н.д., стр. 441; И. Микулчиќ, Топографија..., стр. 192—193; Ib., Kasnoantička..., str. 116, br. 185.

неговото ј/и подножје се наоѓа пустото доцнежносредновековно село Грбавец. Врвот е гол, карпест, опфатен со одбранбен ѕид во форма на тесен триаголен простор голем околу 60 x 20 м. (сл. 14). Ѕидот е граден во цврст доцнежноантички малтерен опус. Претставува скромен доцнежноантички кастел-стража.

## 10. КУМАНИЧЕВО, „ГРАД"

Локалитетот се наоѓа на 1,4 км. с/з од селото. Претставува висок карпест рид (870 метри надморска височина), оддалечен околу 1,7 км. источно од коритото на Црна Река, меѓутоа со извонредно доминантна позиција над реката и визуелна комуникација со доцноантичкиот опидум на „Градот, Тиквеш" кај Ресава. Страните на ридот се тешко пристапни: кон запад и југ речиси вертикални карпи, кон север и исток исто така стрмни тешко освоиви падини. Ридот е споен со планинскиот венец Сокол единствено на североисточната страна преку едно длабоко, природно седло. Локалитетот кусо е одбележан во стручната литература.[20]

Врвот претставува една мала тераса со пад кон исток. Има неправилна трапезоидна форма, голема околу 130 x 80 м. Зазема површина од 0,78 ха. Истата била природно бранета со спомнатиот карпест гребен. Денес на овие стени, по врвицата нема трагй на одбранбен ѕид. Можеби не постоел. Северниот одбранбен ѕид се спушта кон исток. Граден од кршени камења (локален варовник), поврзани со бел варовен малтер, широк околу 1,80 м. Сочуван е само темелот. Источниот одбранбен ѕид бил проектиран по изохипса, денес обраснат во густа дабова шума, меѓутоа јасно се следи преку високата ешарпа: земја што со ерозија ја засипала урнатината на ѕидот. И внатрешноста на терасата е обрасната со шума. Во северниот дел на источниот ѕид, од внатре потпрен се наоѓа извесен правоаголен објект, при што се видливи само неговите контури (бр. 1 на сл. 8). Забележавме ретки фрагменти грнчарија со доцнежноантички обележја. Источно од седлестиот преслап, особено на неговата јужна падина, има траги на мала некропола, неколку гробови одбележани со површински камени венци.

Спомenатите елементи, поготово тешко освоивата позиција, со извонреден визуелни можности, ни претставуваат еден мал планински кастел-стража.

## 11. МОКЛИШТЕ, „ГРАД, ВИКАЛО"

Локалитетот се наоѓа 0,7 км. западно од селото. Поставен е на не толку доминантен рид, што се издига над утоката на Манастирска во Голема (Ваташка река, вовлечен под северните ограноци на Витачево, на 520 метри надморска височина. Во неговото западно подножје се наоѓа средновековен манастир со црква Св. Никола од 16. век. Спомнат е во стручната литература.[21]

---

20 Исти, Топографија . . ., стр. 194.

21 В. Радовановић, н.д., стр. 411; I. Mikulčić, Kasnoantička . . ., str. 116, br. 192.

Врвот на ридот претставува зарамнето плато, со благ, терасест пад кон северозапад. Било обиколено со одбранбени ѕидови, зајакнати со неколку правоаголни кули. Обликот на крепоста е неправилно овален, поради конфигурацијата на теренот, со неколку истурени точки. Големина околу 150 x 120 м., со површина од 1,27 ха. Одбранбените ѕидови се широки до 2 метри, градени од камен во цврста малтерна техника. Неколкуте чувствителни точки биле зајакнати со кули: една на северното чело, раскопана од селаните уште пред повеќе од 60 години, втора на југозападниот агол, а секако постоела кула и на највисокиот југоисточен агол на крепоста. Меѓутоа денес на ова место не се гледаат нејзините остатоци. Врвот е гол, испран од силната ерозија. Траги на кули се регистрирани и на долгите, релативно рамни ѕидни траси. Две сигурно потврдени кули во јужниот и источниот ѕид (бр. 2 и 4 на сл. 9). Во истиот ѕид на најистурената позиција веројатно постоела уште една кула. Слична кула се наоѓала веројатно и во средниот дел на западниот ѕид. Градба на северната — челна кула: голема од надвор 5,5 x 4 м., од внатре 3,20 x 4 м., влез широк 1 м., висок 2 м. одозгора пресводен. Водел во приземјето на кулата. Има праг од 2 реда либажни тули со димензии 0,38 x 30 x 0,03 м. Катната конструкција не е сочувана. Од внатре ѕидовите биле измазнети со два слоја: груб основен и фин сив премаз на малтер. Во уште свежиот малтерен слој биле изведени орнаменти — имитација на слог правоаголни квадри со големина 0, 20 x 0,20—0,25 м. Најстари наоди што ние успеавме да ги регистрираме на самата површина на источната падина на крепоста претставуваат фрагменти од садова керамика со обележја на доцнежноелениститчката епоха: делови од ободи на хидрии, паници и тн. Инаку, во просторот на северната челна кула е откопан постар одбранбен ѕид врз кој налегнала оваа кула. Истиот можеби припаѓал на постарото хеленистичко утврдување. Површинските наоди во укрепениот простор со обележја од доцнежната антика представуваат: фрагменти грнчарија, делови од покривни керамиди — лаконски тип, питоси, база и капител, веројатно од ранохристијанска црква на ова место, делови од питоси, парчиња згура — остатоци од топење на руда.

Наведените елементи: местоположбата на патните правци (еден кон Дабниште — Ресава, односно вториот на југ кон Моклишкото езеро и по Витачево кон Кожув), потоа извонредно силната фортификација зборуваат за еден силен доцноантички кастел.

## 12. РЕСАВА, „ГРАДОТ, ТИКВЕШ“

Високиот и купест рид (286 метри надморска височина, денес остров во вештачкото Тиквешко езеро) се наоѓа на 2,2 километри западно од селото. Пред да се оформи езерото ридот се издигал околу 110 метри над устието на Тиквешица во Црна река. Овие две реки го обиколувале ридот од три страни и биле веќе првата пречка за освојувачите. Неговите страни биле особено стрмни и непристапни. Единствено преку тесниот седлест преслап — Порта на источната страна бил поврзан со планината Илимица, и од таму до-

аѓал единствениот можен пристап. Денес најголемиот дел од него е исто така под вода, и само при нискиот водостој се појавува надвор.

Локалитетот е спомнат во литературата прв паг во 1911 година.[22] Малку поширок опис на крепоста и старините околу неа дава В. Радовановиќ во 1924 година.[23] Тој наведува податоци за акрополата, според него „внатрешен помал град". Во негово време нејзините одбранбени ѕидови биле високи 3—4 метри. Споменува „надворешно градско платно" — Долни град, остатоци на кула поставена на темето од крепоста што се наднесува над преслапот, потоа остатоци на стариот градски водовод што водел од изворот Косовец, меѓутоа и неверојатен податок за темели на кула кон Илимица и над Црна со обем од околу 50 метри.

Од археолошките интервенции на овој локалитет, почнувајќи во 1960/61 потоа во 1967 година и наваму, раководени од А. Керамидчиев и И. Микулчиќ, формирани се основните сознанија за обемот, архитектурата, градските површини, функцијата на овој комплексен археолошки локалитет.[24] Во нашите истражувања регистриравме:

Фортификационата рамка се состои, главно, од:

А. *Акропола.* Се наоѓа на највисокиот југоисточен дел на ридот. Има издолжена овална форма. Обиколена е со одбранбени ѕидови со камен и кал од подоцнежен средновековен период. Голема е 60 x 35 м., на површина од 0,16 ха. Ѕидовите се урнати, но сепак сè уште стои високата маса од урнатините. Внатре има урнатини на градби од средниот век, меѓу кои се издвојуваат контурите на мала еднокорабна црквичка (9 x 5 м.), потоа еден правоаголен објект (бр. 2 на сл. 2) потпрен на северниот одбранбен ѕид. Освен тоа јасно се препознатливи контурите на една градска цистерна за вода. Голема е 9,5 x 6,5 метри, од внатре 6,90 x 4,20 м. Ѕидовите од внатре се измазнети со црвен хидростатен малтер. Била вкопана во жива карпа. Нема елементи за попрецизно датирање. Освен тоа евидентиравме уште една мала еднокорабна црквичка, лоцирана западно од акрополата, веднаш под нејзините ѕидови.

Б. *Долни град.* Северно, источно и западно под акрополата се простира понизок простор со благ пад кон северозапад, обиколен со цврсти одбранбени ѕидови. Има неправилна правоаголна форма, голем е 150 x 140 метри и со површина (заедно со акрополата) од 1,8 ха.

Западниот одбранбен ѕид е долг околу 120 метри, постепено се качува кон југ. Од езерските води, при промена на водостојот, разголен е северниот дел на ѕидот и три одбранбени кули. Тие имаат правоаголна основа и големина просечно 4 x 4 метри. Ѕидот на оваа страна е широк 1,60 м. и на места како супструкција бил користен постар одбранбен ѕид (бр. 7). Северниот одбранбен ѕид, вовлечен во средината навнатре, исто така користи за подлога ур-

---

22 И. Иосифъ, н.д., стр. 433.

23 В. Радовановић, н.д., стр. 433.

24 A. Keramidčiev, Arh. pregled, br. 2, str. 108—110; Ib., Arh. pregl., 3, str. 121—124; I. Mikulčić, A. Keramidčiev, Arh. pregl., 9, str. 185; I. Mikulčić, Kasnoantička..., str. 116, br. 195; Исти, Една античка..., стр. 269—270, 282—283; Исти, Топографија..., стр. 190, сл. 5.

натини на постар одбранбен ѕид. Источниот ѕид има неправилно извиена траса, со успон кон акрополата на југ. Во средина е вовлечен навнатре и тука конфигурацијата на теренот дозволува полесен пристап во крепоста. Токму на ова место А. Керамидчиев констатирал траги на влезна порта во тврдината. Самиот влез бил широк 2,40 м. и бранет со една голема правоаголна кула (7 x 8) м.), потпрена на одбранбениот ѕид, кој на ова место бил широк 1,90 м. Јужниот одбранбен ѕид со еден дел се допира со акрополата и потоа се спушта кон запад, каде се спојува под остер агол со западниот ѕид. На ова место, како и на аголот наднесен на преслапот Порта, секако постоеле одбранбени кули.

В. *Западно подградие.* На западната страна И. Микулчиќ забележал широка станбена тераса, голема околу 250 x 70 м. Во сондите од 1960/61 година на овој простор биле забележани повеќе доцнежноантички укопи.[25]

Траги од урната куќа од доцнежнохеленистичко време разоткриле езерските води на средина под источниот одбранбен ѕид (бр. 17). Површинските наоди на ова место се многубројни: делови и фрагменти од садова керамика, покривни керамиди, неколку бронзени доцнежноехеленистички монети, еден денар од републиканскиот период, мала теракотна статуетка итн. Освен тоа, во многу сонди на просторот на споменатото западно подградие во 1960/61 година биле забележани наоди истовремени со спомнатите. Натаму не се регистрирани наоди од првите векови на новата ера, меѓутоа од доцнежноримско време датираат бројни фрагменти садова керамика — површински наоди, делови од питоси и керамиди. Како особено значаен наод го истакнуваме големо количество згура расфрлена насекаде по локалитетот. Истата сведочи несомнено за интензивното преработување на железна руда.

Постарата, предримска населба била расположена на поширок простор од доцнежноантичкиот стратум. Ја запоседнала широката западна тераса и заземала вкупна површина од над 3,6 ха. Засега нема наоди од постаро — класично време. Животот во првите векови на новата ера во Тиквешкото поле бил организиран главно во вид на расеани полски имоти,[26] при што во условите на релативно мирен живот доминантните пунктови не биле потребни, ниту населувани. Животот на нашиот локалитет продолжува некаде во доцнежниот 3 век и трае низ 4, 5 и можеби 6 век. Со својата големина, позиција, фортификација, вистинско доцнежноантичко гратче, чија важна стопанска улога била поврзана со експлоатацијата на железна руда од планинскиот регион на Кожув. Последен, значаен период на живот претставувала средновековната крепост, на многу помала површина, во рамките на акрополата. Егзистирала меѓу 11 и 15 век. Тоа е средновековниот град Тиквеш. Изгледа дека животот на ова место продолжил во намален обем сè до крајот на 17 век, кога конечно под ограбувачките напади на турскиот феудалец Карапаша се раселиле и последните словенски семејства.[27]

---

25 A. Keramidčiev, Arh. pregl., 3, str. 123—124; И. Микулчиќ, Топографија . . ., стр. 190, сл. 5 бр. 4.

26 И. Микулчиќ, Една античка . . ., стр. 279—281.

27 В. Радовановић, н.д., стр. 202—203.

## 13. РОЖДЕН, „ГРАДИШТЕ"

Локалитетот е оддалечен 1 километар јужно од селото. Претставува доминантен рид на 760 метри надморска височина, што се издига над составот на потокот Крушница и рекичката Бистрица. Од југ, исток и запад теренот претставува стрмни падини. Само од север, преку ниско седло, ридот се поврзува со планинскиот масив. Врвот претставува зарамнета, укрепена тераса со овална форма. Голема е 80 х 45 м., со површина од 0,25 ха. Од ј/з страна била природно бранета со висок карпест гребен, од север, исток и југ со одбрамбен ѕид во цврста малтерна техника, широк 1,60 м. Забележана е позиција на јужна челна кула. Површински наоди: многу парчиња згура со 19,95% железо во составот,[28] фрагменти садова керамика со доцнежноантички обележја. Локалитетот претставувал мал планински кастел (сл. 13).

## ДОДАТОК

Во текстов не се опфатени сите укрепени места во регионот. Постојат податоци за уште вакви локалитети, кои не успеавме да ги посетиме и проучиме. Податоците за нив се општи и недоволни за попрецизно детерминирање. Грубо речено, датираат од антиката и средниот век. Тоа се локалитетите:

— *Бегниште, „Марково Кале"*. На високиот рид над селската црква В. Радовановиќ забележал урнатини на мала крепост.[29]

— *Бесвица, „Кале"*, остатоци на крепост што се наоѓаат на десниот брег на Бошава, кај селското гробиште.[30]

— *Бојанчиште, „Градовец"*, се наоѓа на составот на доловите Црквиште и Мокриште, с/з од селото.

— *Боула, „Пржи град"*, 10 км. јужно од селото, длабоко во Кожув. Доминантен рид околу кој длабоко долу врти кањонот на планинскиот пат од Тиквеш во Меглен, преку длабокиот планински превој Порта, во говорната традиција на месното население познат како Железен пат.[31]

— *Драдња, „Забот"*. На високиот рид 1 км. с/з од селото мештаните забележале „тврдина — грамаѓе и керамитки".[32]

— *Куманичево, „Град (преку Црна)"*. И. Микулчиќ забележал на околу 3 км. ј/з од селото, на левиот брег на Црна река, маркантен рид обиколен со реката од три страни и на него остатоци од мал укрепен кастел.[33]

— *Конопиште, „Кула-Градиште"*, околу 4 км. јужно од селото, на висок рид над левиот брег на Бошава. Според мештаните, на ова место се гледаат траги од една стара крепост.

---

28 А. Керамидчиев, Старото рударство . . . , стр. 294.

29 В. Радовановиќ, н.д., стр. 427; И. Микулчиќ, Топографија . . . , стр. 191.

30 В. Радовановић, н.д., стр. 320.

31 Исти, н.д., стр. 168.

32 Податок од усмено кажување на Атанас Мишов од Возарци, поранешен жител на Драдња.

33 И. Микулчиќ, Топографија . . . , стр. 194; Ib., Kasnoant . . . , str, 116; Ib., TIR, 76.

— *Моклиште, „Градот“*, доминантен рид на 2,2 км. ј/и од селото, се издига над с/и страна на Моклишкото езерце. Денес не постои, урнат при лизгање на земјиштето пред околу дваесетина години. На врвот имало остатоци од мала крепост.

— *Мрежичко, „Васов, Росол Град“*, доминантен рид на околу 5,5 км. ј/и од селото. Според В. Радовановиќ, тука се урнатини на една крепост, веројатно поврзана, исто така, со рударската дејност во овој крај.[34]

— *Праведник, „Град“*, висок доминантен врв западно од селото, на граница со атарот на с. Галиште.[35]

На крајот би констатирале дека еден дел од укрепените места во пределот на Тиквеш и Витачево бил поврзан и со силната рударска дејност што се одвивала во пазувите на Кожув во тоа време, а чии траги, како што спомнавме, биле забележани во голема концентрација од поранешните истражувачи. Рудата била топена на лице место, во многубројните рударски престојувалишта, регистрирани кај Рожден, Мајдан, Ржаново,[36] или транспортирана во поголемите градски односно тогашни индустриски центри, каде започнувала преработката. Досега познати, предложени траси на локалните патишта за транспорт на рудата во античкиот период се оние од селото Витолиште кон север по Раечка река кон Стоби[37] и од Рожден по Црна река кон север.[38] Крепостите пак што ги опишавме кај Рожден, Бојанчиште, Куманичево, Ресава, Возарци се разместени токму долж оваа траса и веруваме дека тоа не било случајно. Освен тоа свртуваме внимание на уште два слични локални патишта: еден, по дијагонала преку Витачево, над Страгово се делел кон Моклиште односно кон Г. Дисан, и втор, што водел по долината на Бошава кон Стенае — Д. Капија.

*VIKTOR LILČIĆ*

## LES LIEUX FORTIFIÉS À TIKVEŠ ET VITAČEVO DE LA BASSE ANTIQUITÉ

### Résumé

Dans la région de la R.S. de Macédoine on a connu les localités de plus 300 lieux fortifiés qui dattent de la période de basse antiquité. Le profesor d-r Ivan Mikulčić ne travaille que sur se problème dans la plus grande mesure. Il s'impose le besoin de faire une cartographie détaillée selon les régions (un exemple extraordinaire en est le livre de l'auteur mentionné ci-dessus sous le titre: »L'encienne ville de Skopje

[34] В. Радовановић, н.д., стр. 168; И. Микулчиќ, Топографија . . ., стр. 195.
[35] Топографска секција Тиквешко езеро.
[36] А. Керамидчиев, н.д., стр. 289—306.
[37] И. Микулчиќ, Старото . . ., стр. 51.
[38] Исти, Една античка . . ., стр. 269.

avec ses forteresses«, Skopje, 1982) de faire une observation sur leur nombre, leur caractére, voire la fonction, leur identification temporelle afin d'obtenir une nouvelle présentation sur l'organisation de ce type de lieux peuplés.

Dans ce sens, cette étude présente une communiquée préliminaire concernant les lieux fortifiés de la basse antiquité dans la région au sud de la ville de Kavadarci, c'est à dire les régions montagneuses de Tikveš et de Vitačevo jusqu'a aux pieds de la montagne Kožuf qui a représenté toujours une barriére naturelle. Elle est aussi riche avec des mines, avant tout le fer, qui a été exploité dans une grande mesure à la basse antiquité. Nous en appercevons les traces de cette exploitation au village Roždеn. Les voies de communiquation par lesquelles a été transportée vers Stobi et vers les auters centres de l'époque (par exemple l'opidum de la ville de Tikveš près de Resava) on été les vallée de la rivière Crna Reka (Erigon) et de Bošava et la colline de Vitačevo. La plupart des points que nous avons energisté dans cette région à la carte sont placés le long de ces directions et ils ont été controlés.

Ici nous présentons:

1. Begništé, »Le tombeau de Marko«: un petit castel qui a été destiné à garder et à contrôler la voie et d'où on a anoncé les dangers éventuels pour l'opidum de »La ville de Tikveš«;

2. Bojančište, »Gradište«: un petit castel (0,3 hectare);

3. Vozarci, »Kale«: un petit castel destiné à la garde;

4. Gorna Bošava, »La ville«: il n'existe pas des données suffisantes pour l'identification du caractère;

5. Gorna Bošava, »La tour de Marko«: castel pour la garde (0,3 ha);

6. Gorni Disan, »La ville«: un petit opidum de la basse antiquité (4 ha) entre 3$^{e}$ et 6$^{e}$ siècle de notre époque;

7. Dradnja, »Gradište«: un petit castel à la montagne avec un sous-ville (acropole de 0,25 ha);

8. Drenovo, »Vrano brdo-Tumba«: un petit point demi-fortifié;

9. Drenovo, »Grbavečka kula«: un petit castel de la basse antiquité situé sur un sommet de la montagne (altitude 1.103 m.);

10. Kumaničevo, »La ville«: un grand castel-garde (0,78 ha);

11. Moklište, »La ville-Vikalo«: un grand castel de la basse antiquité avec des tours de la défense (1,27 ha);

12. Ressava, »La ville de Tikveš«: opidum de la basse antiquité avec acropole (0,16 ha), un sous-ville avec un mur de défense et des tours quadrilinéaires (1,8 ha) et un large oueste sous-ville. Superficite totale 3,6 hectares. Existe de 3$^{e}$ à 6$^{e}$ siecle;

13. Roždеn, »Gradište«: un petit mais fort castel montagneux (0,25 ha).

A la fin nous sommes obligés de souligner que tous les localités mentionnées ne sont pas encore visitées et étudiées. Il existe encore 10 localités dont les noms (chateau, ville, tour) indiquent leur localités fortifiées. Il seront visitées et recherchées à l'avenir.


„GRADOT"
G. DISAN
A
B
50 m.
V. LILČIĆ - I. MIKULČIĆ


„GRADIŠTE" DRADNJA
Sl. 6
A
B
460
440
420
400
380
360
340
PEŠTERNA
„MARKOVA CRKVA"
0
50
100 M
V. LILČIĆ


Sl. 7
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
A
B
520
510
500
490
0
50 M.
V. L.
„GRADIŠTE"
BOJANČIŠTE


Sl. 8
„GRADOT"
KUMANIČEVO
1
2
3
5
6
0
50 M.
V. L.


Sl. 9
„GRAD, VIKALO"
MOKLIŠTE
1
2
3
4
5
480
500
520
S.1983
pat
pat
0
50M
V. LILČIĆ


„GRADOT"
GORNA BOŠAVA
650
0
50 m
V.L.


Sl.10
660
670
680
690


Sl.11
„KULA"
G. BOŠAVA
1
2
3
4
770
760
750
0
50 M.
V.L.


Sl.12
"VRANO BRDO - TUMBA"
DRENOVO
340
320
300
0
100 M
V.L.
grobovi


Sl.13
"GRADIŠTE"
ROŽDEN
1
2
3
4
5
750
730
740
0
50 M
V.L.


Sl.14
"GRBAVEČKA KULA"
DRENOVO
1180
1160
1140
1120
0
50 M.
V.L.